**ТРИ ЕДНОДНЕВНИ ОБУКИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА НА ЗАТВОРСКИОТ ПЕРСОНАЛ ЗА НУЛТА ТОЛЕРАНЦИЈА НА НЕСООДВТЕНО ПОСТАПУВАЊЕ И КОРУПЦИЈА ВО ЗАТВОРСКИ СИСТЕМ**

На 20-ти февруари 2017 година во Тренинг центарот во Идризово започна спроведување на еднодневни обуки во врска со Политиката за нулта толеранција за несоодветно постапување и корупција во затворски услови.

Оваа обука придонесе за подигање на свеста на директорите, раководниот кадар и затворскиот персонал и нивно запознавање со новата Стратегија за политика на нулта торленација за несоодветно постапување и со Планот за справување со корупттивно однесување од страна на затворскиот персонал.



Обуката е организирана од Управата за извршување на санкциите во соработка со Советот на Европа во рамките на проектот "Јакнење на заштитата на правата на осудените лица".

На обуката присуствуваа и свои обраќања имаа Директорот на Управата за извршување на санкциите г-а Лидија Гаврилоска, експертите од Советот на Европа г.Атила Јухаш и г.Франческо Клементучи, раководниот кадар на КПУ и ВПУ, дел од затворскиот персонал и претставници од Управата за извршување на санкциите

Директорот на Управата за извршување на санкциите г-а Гаврилоска истакна дека "и понатаму ќе се продолжи со усовршување на методите за детектирање на овие појави кои го разоруваат затворскиот систем, како и нивно најстрого санкционирање, затоа што само на тој начин може да обезбедиме професионални и ефикасно управувани затворски установи."

Еднодневната обука се спроведе и во Битола и Скопје со која беа опфатени сите казнено-поправни и воспитно-поправни установи во Република Македонија.